**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА ЈАВНАТА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ОСНОВ НА ПОСТИГНАТ ПРОЦЕНТ НА УСПЕШНОСТ**

Издавачот Нова стоковна куќа АД Струмица известува дека на ден 11.12.2019 година заврши јавната понуда-продажба на сопствени акции по пат на јавна понуда.

Јавната понуда на хартиите од вредност е одобрена со Решение бр. УП1 Бр.10-82 од 20.11.2019 година на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија. Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност беше објавена во дневниот весник Слободен печат на ден 27.11.2019 година, а на веб страницата на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје на ден 27.11.2019 година, кога беше објавен и проспектот за запишување и уплата на хартиите од вредност.

Во Проспектот за запишување и уплата на хартиите од вредност, издавачот Нова стоковна куќа АД Струмица предвиде процент на запишани и платени хартии од вредност од 60% за да јавната понуда се смета за успешно завршена.

Заклучно со 11.12.2019 година , од понудените 278 сопствени обични акции, продадени се вкупно 278 сопствени обични акции, во вкупен износ од 17.097.000,00 денари, со што процентот на реализација на јавната понуда изнесува 100%.

Со ова, а врз основа на член 23 став 3 од Законот за хартии од вредност може да се смета дека процент на успешност на јавната понуда на хартии од вредност е постигнат, заради што Нова стоковна куќа АД Струмица одлучи да ја затвори јавната понуда на хартии од вредност. Последен датум на кој ќе се примаат уплати за хартиите од вредност од јавната понуда односно ден на завршување на јавната понуда е 11.12.2019 година.

Датум;

13.12.2019 год.

Нова стоковна куќа АД Струмица

Цвета Белчовска

Извршен член на Одбор на директори